**Проф. д-р Кошевалиска Олга**[1]

**М-р Манчев Ѓорѓи**[2]

# ОД ФОРЕНЗИЧКИ ФАКТ ДО ПРАВНА КВАЛИФИКАЦИЈА: УБИСТВО НА ПОДМОЛЕН НАЧИН ВО СУДСКАТА ПРАКТИКА

**1.02 Прегледна научна статија**

**УДК 343.611:347.993(497.742)**
**УДК 343.611:347.992(497.731)**
**УДК 343.611:347.991(497.7)**

**Апстракт**

Овој труд претставува интердисциплинарна анализа на кривичноправниот поим „подмолен начин“ при извршување убиство преку спојување на правната интерпретација со судско-медицинските наоди од обдукцијата. Истражувањето ги опфаќа одлуките за убиство на подмолен начин на три судски инстанци во Република Северна Македонија – Основен суд Струмица, Апелационен суд Штип и Врховниот суд – со цел да се утврди како судовите ги вреднуваат форензичко-медицинските докази при квалификацијата на делото. Особено внимание се посветува на односот помеѓу објективните елементи (положбата на жртвата, насоката и карактерот на повредите, реконструкцијата на настанот) и субјективниот елемент на умислата. Резултатите покажуваат дека обдукцискиот протокол и исказите на вештите лица имаат пресудна улога во разјаснувањето на механизмот на повредите и околностите на нападот, со што значително влијаат врз правната квалификација на делото. Трудот заклучува дека доследната интеграција на правната аргументација и судско-медицинското вештачење се неопходни за прецизно толкување на „подмолниот начин“, обезбедувајќи усогласена судска практика и почитување на стандардот на докажување „надвор од разумно сомневање“.

[1] Редовен професор, Катедра за казнено право, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. Е-пошта: olga.kosevaliska@ugd.edu.mk.
[2] Докторанд, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Република Северна Македонија. Е-пошта: gjorgjimanchev@gmail.com; gorgi.3078@student.ugd.edu.mk.

**Клучни зборови:** *подмолен начин, убиство, обдукција, форензички докази, правна квалификација, интердисциплинарна анализа*.

## 1. Вовед

Квалификацијата „подмолен начин“ претставува една од најкомплексните квалификаторни елементи во кривичното дело убиство, бидејќи истовремено ги опфаќа и објективните околности на начинот на извршување и субјективната свест на сторителот за прикриеноста на нападот.[3] Согласно членот 123 став 2 точка 1 од Кривичниот законик на Република Северна Македонија, подмолниот начин се јавува како особено тежок облик на убиство, кој законодавецот го санкционира со потешка казна поради зголемената опасност и изразената противправност на дејството.

Во правната теорија и судската практика, подмолноста традиционално се поврзува со дејствување што ја лишува жртвата од можност за одбрана или предвидување на нападот. Меѓутоа, утврдувањето на овој елемент не може да се изведе само врз основа на вербалните докази, ниту, пак, исклучиво преку правна интерпретација. Потребно е комплексно согледување на фактичките параметри на настанот – позицијата на телото, оддалеченоста, насоката и карактерот на повредите – што спаѓа во доменот на судско-медицинското вештачење. Поради тоа, квалификацијата на убиство сторено на подмолен начин претставува типичен пример каде што правото и медицината неминовно се пресретнуваат, а нивната координација е клучна за точна правна оцена.[4]

Во македонската судска практика, улогата на обдукцискиот протокол и форензичките вештачења добиваат особено значење во случаи каде што напаѓачот дејствувал од зад грб, од прикриена позиција или во момент на доверба, изненадување или беспомошност на жртвата. Судовите ги ценат овие докази како објективна основа врз која може да се изгради правниот заклучок за постоење подмолен начин, при што медицинските факти служат како индикатори, а не како апсолутни доказни извори за умислата.

---

[3] Камбовски, В. (2011). Коментар на Кривичниот законик на Република Македонија, Матица, стр. 632–633.
[4] Камбовски, В. и Тупанчески, Н. (2011). Казнено право – посебен дел, Скопје.

Со цел да се анализира начинот на кој правната и судско-медицинската перспектива се надополнуваат, во овој труд се обработуваат одлуките на три судски инстанци – Основен суд Струмица, Апелационен суд Штип и Врховниот суд на Република Северна Македонија[5] – со цел да се прикаже како различните нивоа на судска контрола ја толкуваат подмолноста и ја оценуваат доказната вредност на обдукциските наоди.

Фактичката состојба на предметот што се анализира е следнава: обвинетиот, по претходна комуникација со жртвата, организира средба и ја превезува со сопственото возило до неговата работилница. Двајцата биле во пријателски и соседски односи, што создава амбиент на доверба меѓу нив. Во моментот на настанот, жртвата се наоѓала во наведната положба над работната маса, зафатена со проверка на метални дискови. Додека жртвата била свртена со грб и апсолутно неподготвена, сторителот од непосредна близина испукал еден проектил од пиштол, нанесувајќи ѝ огнострелна рана во тилната регија, по што настапила смрт. Судско-медицинските наоди упатуваат дека жртвата немала никаква можност за одбрана или за претходно согледување на ризикот. По извршувањето на делото, сторителот презел низа активности насочени кон прикривање на трагите: телото било ставено во метално буре, прекриено со метални дискови и пренесено до брана, каде што било фрлено во водата. Трите судски инстанци – Основниот суд, Апелациониот суд и Врховниот суд – утврдуваат дека начинот на дејствување, положбата на жртвата, близината на оган, аголот на траекторијата и отсуството на одбранбени повреди конзистентно упатуваат дека убиството е извршено на подмолен начин.

Овие факти претставуваат основа за правната и форензичката анализа на подмолниот начин, како и за оцена на субјективните и објективните елементи на дејствувањето што се обработуваат во понатамошните делови на трудот. Наодите од обдукцијата и реконструкцијата на настанот играат клучна улога во разбирањето на ограничената можност на жртвата за одбрана и во утврдувањето на пресметаната и прикриена природа на нападот.

Оваа анализа има двојна цел: (1) да ја прикаже функцијата на форензичките докази при реконструкција на настанот, и (2) да ја разјасни границата помеѓу медицинската

[5] Предметот од Основен суд Струмица (К. бр. 366/19, Одлуката на Апелациониот суд Штип (Кж. бр. 92/20) и Одлуката на Врховниот суд (Квп2 бр. 83/2020).

експертиза и правната квалификација, особено во однос на субјективниот елемент на умислата.

Целта на овој труд е да се прикаже како преку интеграцијата на правната анализа и судско-медицинската интерпретација може да се постигне повисок степен на јасност во примената на поимот „подмолен начин“ при квалификацијата на убиството. Истовремено, трудот настојува да укаже дека прекумерното потпирање на медицинските докази без нивна правилна правна интерпретација може да доведе до нарушување на стандардот „надвор од разумно сомневање“. Целта на оваа синтеза меѓу правото и судската медицина е да придонесе за доследна, објективна и правно заснована судска практика при оцена на подмолниот начин на убиство.

## 2. Методолошка рамка

Методолошкиот пристап во овој труд се заснова врз интердисциплинарна анализа што ги комбинира правните и судско-медицинските методи, со цел да се испита улогата на обдукциските наоди во квалификацијата на подмолниот начин на убиство. Истражувањето користи неколку комплементарни методолошки компоненти:

Нормативен метод: Во овој труд се применува една систематска интерпретација на членот 123 став 2 точка 1 од Кривичниот законик на Република Северна Македонија, со цел да се утврди нормативната содржина на поимот „подмолен начин“, неговите објективни и субјективни елементи, како и критериумите што законодавецот ги поставува при квалификацијата на делото. Овој пристап овозможува дефинирање на правната рамка во која се оценуваат доказите.

Компаративен метод:[6] Во истражувањето се обработуваат три судски одлуки: на Основниот суд Струмица,[7] Апелациониот суд Штип[8] и Врховниот суд на Република Северна

[6] Марјановиќ, Ѓ., Каневчев, М. (2010). Кривично право – општ дел; Просветно дело, Скопје, стр.76.
[7] Основен суд Струмица (2020). Пресуда Кж. бр. 366/19 од 6 февруари 2020 година. Струмица, Република Северна Македонија.
[8] Апелационен суд Штип (2020). Пресуда Кж. бр. 92/20 од 29 април 2020 година. Штип, Република Северна Македонија.

Македонија.[9] Секој судски степен се анализира од аспект на начинот на оцена на медицинските докази, квалификацијата на подмолниот начин, и аргументацијата за умислата и начинот на извршување на кривичното дело. Преку компаративниот пристап се согледуваат точките на конзистентност и разликите во аргументацијата низ судската хиерархија.

Анализа како посебен метод: Целта на анализата на обдукцискиот протокол, биолошките и хемиските вештачења е да ја утврди нивната доказна вредност во реконструкцијата на настанот. Особено се испитуваат положбата на телото во моментот на нападот, карактеристиките на огнената рана, насоката, растојанието и механизмот на дејствување, можноста за реакција или одбрана на жртвата и сл. Овој метод ни обезбедува фактичка поддршка за правната процена на подмолноста.

На крајот, преку критичка евалуација на утврдените факти се формулираат заклучоци и препораки во однос на потребата од јасна методолошка граница меѓу медицинските и правните наоди, се испитува нивната доказна вредност и релевантноста во процесот на правно квалификување на дејството. Овој дел ја нагласува улогата на доказниот стандард „надвор од разумно сомневање“ како клучен критериум во оцената на подмолниот начин. Комбинирањето на овие методи овозможува да се разработи целосен и научно заснован модел за анализа на подмолниот начин на убиство, при што медицинските и правните извори се интегрираат во единствена логичка структура, а не се третираат како одвоени дисциплини. Целта на методолошкиот пристап е да обезбеди конзистентност, јасност и прецизност во оцената на доказите и нивното влијание врз правната квалификација.

## 3. Теоретско разгледување на квалификацијата „подмолен начин“

Во правната литература се препознаваат повеќе модели преку кои се концептуализира поимот „подмолен начин“ кај убиството.[10] Иако се различни по

[9] Врховен суд на Република Северна Македонија (2021). Пресуда Квп2 бр. 83/2020 од 13 јануари 2021 година. Скопје, Република Северна Македонија.
[10] Black, J. (2000). Murder: the state of the art. *American Literary History*, *12*(4), 780-793. Камбовски, В. (2011). Коментар на Кривичниот законик на Република Македонија, Матица, стр. 632–633.

терминологија и опфат, овие модели се надополнуваат и овозможуваат попрецизно разбирање на субјективните и објективните елементи на дејствувањето.[11]

*Модел на прикриено дејствување (concealed action model)*. Овој модел ја нагласува просторната и визуелната прикриеност на сторителот. Подмолноста се утврдува кога жртвата не може да го забележи сторителот или нападот, на пример, дејствување од зад грб, од затемнет простор, од скришна позиција или од близина што ја исклучува можноста за реакција. Огнострелните повреди во тилната регија, кои укажуваат на ненадеен и неочекуван напад без каков било претходен конфликт, претставуваат класичен индикатор за овој модел.

*Модел на злоупотреба на доверба (abuse-of-trust model)*. Подмолноста во овој модел не произлегува од физичка прикриеност, туку од психолошко искористување на довербата. Сторителот создава амбиент на безбедност, привидна нормалност или пријателска интеракција, со што жртвата целосно ја намалува својата одбранбена будност. Во компаративната литература се смета дека оваа форма е дури и поопасна, затоа што нападот не е предвидлив и жртвата доброволно се става во позиција на ранливост.[12]

*Модел на неутрализација на одбранбениот капацитет (defense-neutralization model)*. Овој модел ги засилува критериумите на првите два, нагласувајќи дека подмолноста постои кога жртвата во моментот на нападот:

- не може да се брани;
- не може да предвиди ризик;
- нема објективна можност за физичка реакција.

Форензичките параметри, како што се положбата на телото, аголот на повредата, растојанието и сл. се од клучно значење за овој модел.[13]

---

[11] Canter, D.; Alison, L. Profiling in Policy and Practice, 1st ed.; Routledge: Oxfordshire, UK, 1999; ISBN 978-1-315-24594-2.
[12] Sablone, S., Bellino, M., Cardinale, A. N., Violante, M. G., Risola, R., Magno, A., Pierro, V., & Grattagliano, I. (2024). Psychological Autopsy: A Powerful Tool in Forensic Investigations. *Forensic Sciences*, *4*(4), 635-646. https://doi.org/10.3390/forensicsci4040044.
[13] Simamora, A., Situmeang, R.R., Hutahaean, S., Ginting, A.L. & Siregar, L.H. (2025) *Forensic Analysis in Determining the Cause and Manner of Death.* International Journal of Law Studies, 2(2), pp. 18-30.

*Модел на лажна реконструкција или прикривање на трагите (post-offence deception model)*. Овој модел е дополнителен и се применува кога подмолноста не е ограничена само на моментот на убиството, туку и на постделиктното однесување. Станува збор за намерно креирање лажна слика за настанот, преместување на телото, уништување траги, создавање алтернативни сценарија и сл. Ова однесување литературата го третира како индиректен индикатор за висок степен на субјективна опасност и планираност.[14]

Овие модели покажуваат дека подмолноста не е едноставен поим затоа што вклучува просторна и психолошка предност на сторителот, ја елиминира можноста за одбранбена реакција и често е придружена со постделиктно прикривање. А сето ова може да се утврди само преку интердисциплинарна анализа на правни и форензички докази.[15]

### 3.1. Правната природа на квалификацијата „подмолен начин“ на убиство

Поимот „подмолен начин“ претставува квалификаторен елемент во тешките облици на кривичното дело убиство и служи за санкционирање специфични форми на дејствување што ги засилуваат противправноста и општествената опасност на сторителот. Согласно членот 123 став 2 точка 1 од Кривичниот законик на Република Северна Македонија,[16] убиството сторено на подмолен начин се казнува построго, поради тоа што начинот на нападот го става оштетениот во позиција на беспомошност, изненадување и злоупотреба на довербата, при што жртвата нема реална можност да предвиди или да спречи напад. Во теоријата, подмолниот начин традиционално се разгледува како комбинација на објективни и субјективни елементи.[17]

---

[14] Halim, P., Indarti, R. & Santoso, B. (2022) The Role of Forensic Science in Criminal Acts of Murder Cases in Indonesia. Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences, 10(A), pp. 951-958.

[15] Konopka, T., Mądra, A. & Niemcunowicz-Janica, M. (2022), *Gunshot Wounds to the Head: Reconstruction and Circumstances of Death.* Forensic Sciences, 4, pp. 44-60.

[16] Кривичен законик на РСМ („Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 41/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17 и 248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 36/23 и 188/23).

[17] Камбовски, В. (2011). Коментар на Кривичниот законик на Република Македонија, Матица, стр. 632–633. Марјановиќ, Ѓ., Каневчев, М. (2010). Кривично право – општ дел, Просветно дело, Скопје.

*Објективниот елемент* се однесува на начинот на дејствување: скриено позиционирање, ненадеен или неочекуван напад, искористување на довербата или ситуација во која жртвата не може да се брани.

*Субјективниот елемент* го опфаќа односот на сторителот кон дејството – свесноста и намерната одлука да дејствува прикриено или изненадно, со цел да го оневозможи секој отпор на оштетениот.

Законот не дава детална дефиниција на подмолноста, поради што толкувањето се развива, пред сè, во судската практика и во коментарите на Кривичниот законик.[18] Во научната литература, подмолноста се опишува како особена форма на измамничко или прикриено дејствување што ги отстранува природните одбранбени механизми на жртвата.[19]

Во правната практика, утврдувањето на подмолноста се базира врз три категории околности:

- Претходниот однос меѓу сторителот и жртвата – постоење доверба, блискост или очекуван мирен контакт.
- Однесувањето на сторителот непосредно пред нападот – дали свесно се позиционирал така што жртвата не можела да го забележи или да го предвиди дејството.
- Механизмот на нанесување на повредите – агол, растојание, позиција на телата, тип на раната и можност за одбрана.

Овие елементи, земени заедно, му овозможуваат на судот да ја утврди квалификацијата „подмолен начин", но само доколку се потврдени со објективни докази и логички поврзани со умислата на сторителот.

### 3.1.1. Субјективниот елемент на убиство на подмолен начин

Субјективниот елемент на подмолното убиство го одразува внатрешниот однос на сторителот кон начинот на дејствување, односно неговата свесна и намерна одлука да ја искористи ранливоста, довербата или неподготвеноста на жртвата со цел да го изведе

[18] Камбовски, В. (2011). Коментар на Кривичниот законик на Република Македонија, Матица, стр. 632–633.
[19] Камбовски, В. и Тупанчески, Н. (2011). Казнено право – посебен дел, Скопје.

нападот без отпор и без ризик за себе.[20] Во правната теорија, подмолноста не постои ако сторителот дејствува спонтано, хаотично или во меѓусебна борба, туку напротив, потребно е пресметано, тивко и прикриено однесување во кое сторителот однапред предвидува дека жртвата нема да може да се брани.[21] Во анализата на субјективниот елемент на подмолниот начин, релевантно е да се разгледа и психологијата на сторителот, особено во ситуации каде што убиството е извршено во контекст на претходна доверба. Во предметот од Основниот суд Струмица К. бр. 366/19,[22] обвинетиот и жртвата биле во долгогодишни добри односи, а жртвата доброволно влегла во неговото возило и во работилницата. Овој факт не само што ја потврдува ранливата положба на жртвата, туку дополнително упатува на психолошка подготовка кај сторителот, одлука да дејствува во момент на доверба, кога жртвата е целосно убедена дека нема никаква опасност.

Овој аспект кореспондира со теоријата на техниките за неутрализација (*neutralization techniques*), која објаснува како сторителите на тешки дела развиваат когнитивни механизми за оправдување на насилството. Мајнор (Minor, 1981) истакнува дека сторителите често ги „неутрализираат“ сопствените морални ограничувања преку техники, како што се негирање на жртвата, негирање на одговорноста или оправдување на своите постапки. Ваквите механизми му овозможуваат на сторителот да го изврши делото без да доживее значајно внатрешно морално противење или чувство на вина.[23]

Применето на конкретниот случај, ваквата стратегија за неутрализација (*neutralization*)[24] се одразува на тоа што обвинетиот прво ја искористува довербата на жртвата за да создаде безбедна ситуација за себе, а по извршениот напад, презема активности за прикривање на трагите (фрлање на телото во буре, покривање со метални дискови, транспортирање до брана), што дополнително упатува на когнитивно планирана криминална стратегија. Постделиктното прикривање, фрлањето на телото во буре,

---

[20] Марјановиќ Ѓ. и Каневчев, М. (2010). Кривично право – општ дел, Просветно дело, Скопје.
[21] Каневчев, М. (n.d.) *Квалифицирани (тешки) убиства*. МРКПК. Достапно на: http://www.maclc.mk/Upload/Documents/Metodija%20Kanevcev.pdf. Атанасковић, Д. (1981) *Кривично право (посебни део)*. Београд: стр. 136. Бачић, Ф. и Павловић, Ш. (2004) *Коментар казненог закона*. Загреб, стр. 441. Златарић, В. (1958) *Кривични законик у практичној примјени*, 2 свезак. Загреб, стр. 74.
[22] Основен суд Струмица (2020). Пресуда К. бр. 366/19 од 6 февруари 2020 година.
[23] Minor, W. William, 1981. “Techniques of Neutralization: A Reconceptualization and Empirical Examination.” Journal of Research in Crime and Delinquency 18 (2):295–318. doi: 10.1177/002242788101800206.
[24] Muel Kaptein & Martien van Helvoort (2019) A Model of Neutralization Techniques, Deviant Behavior, 40:10, 1260-1285, DOI: 10.1080/01639625.2018.1491696.

покривањето со метални дискови, транспортот до брана дополнително ги потврдуваат планираноста и намерноста на дејствувањето,[25] што судот правилно ги вградил во квалификацијата.

Овие психолошки механизми го поддржуваат заклучокот дека дејството не било резултат на спонтан конфликт или афект, туку на пресметано, скриено и намерно дејствување, кое ги исполнува критериумите за подмолен начин. Судскиот триаголник (Основен – Апелационен – Врховен) правилно го препознава ова преку оцената на довербата меѓу страните, позицијата на жртвата и реконструкцијата на нападот, со што субјективните и објективните елементи на подмолноста се усогласени со современите теории за когнитивна подготовка и криминална стратегија кај сторителите. Нападот е изведен во момент кога жртвата му верува на сторителот, доброволно влегува во неговото возило и во работилницата, и во наведната положба извршува секојдневни активности. Таквиот контекст ја потврдува свесната намера на обвинетиот да дејствува токму во момент на доверба и неподготвеност, со што субјективниот елемент на подмолноста е целосно исполнет.

### 3.1.2. Објективен елемент на убиство на подмолен начин

Објективниот елемент на подмолноста се однесува на фактичките околности што ја прават жртвата неспособна да го забележи нападот или да пружи каков било отпор. Овој елемент се утврдува преку материјалните докази: позицијата на телото, насоката и растојанието на огнениот проектил, карактеристиките на раната и сл. Судско-медицинското вештачење е централен инструмент за негово утврдување, бидејќи овозможува реконструкција на моментот на нападот независно од вербалните искази.[26] Форензичката литература укажува дека напад изведен „од зад грб“, во момент кога жртвата е наведната, во седечка положба или свртена кон друга активност претставува класичен индикатор за подмолен начин.[27] Огнострелните повреди на тилната регија, траекторијата на куршумот,

---

[25] Konopka, T., Mądra, A. & Niemcunowicz-Janica, M. (2022) *Gunshot Wounds to the Head: Reconstruction and Circumstances of Death.* Forensic Sciences, 4, pp. 44–60.
[26] Simamora, A., Situmeang, R.R., Hutahaean, S., Ginting, A.L. & Siregar, L.H. (2025) *Forensic Analysis in Determining the Cause and Manner of Death.* International Journal of Law Studies, 2(2), pp. 18–30.
[27] Konopka et al., 2022.

отсуството на одбранбени повреди и близината на оган се најсилните сигнали за тоа дека нападот бил ненадеен и неочекуван.

Во предметот од Основниот суд Струмица К. бр. 366/19,[28] вештаците утврдиле дека со оружјето било пукано од непосредна близина, под агол што укажува на напад од зад грб во момент кога жртвата била наведната над работната маса. Овие материјални показатели, заедно со отсуството на борба или одбрана, ја потврдуваат невозможноста жртвата да предвиди или да спречи напад. Токму овие објективни показатели претставуваат најсилната форензичка поткрепа за тоа дека подмолноста не е претпоставка, туку материјално докажан факт.[29]

## 3.2. Елаборација на „подмолноста“ во предметот на Основниот суд Струмица К. бр. 366/19

Суштината на подмолноста е во прикриеното позиционирање, искористувањето на довербата или во дејствувањето од сенка, што создава состојба на беспомошност или изненадување кај жртвата. Во компаративните анализи, слични квалификатори се среќаваат во делата со „подмолен начин“ („insidious manner“ или „treacherous killing“), каде што клучната точка е тоа што жртвата во моментот на нападот е објективно онеспособена да пружи отпор или да го согледа ризикот.[30] Овој елемент е структурално сличен со критериумите за други квалификувани форми на убиство (како „cruel“ или „premeditated“), бидејќи упатува на повисока степенувана вина. Научните истражувања укажуваат дека во случаи на подмолен начин на убиство, форензичката медицина има централна улога во утврдувањето на механизмот на напад, почетната позиција на телата, аголот на дејствување и можноста за одбрана. Така, обдукцијата и техничко-балистичките анализи овозможуваат реконструкција на начинот на кој била нападната жртвата – дали била свртена со грб, дали стоела или седела, дали одамна била онесвестена или евентуално изненадена. Овие податоци потоа се користат за утврдување во однос на тоа дали нападот бил таков што ја исклучува можноста за самоодбрана, што е еден од централните индикатори за постоење подмолен начин. Ваквите анализи го поддржуваат правното толкување, бидејќи судот не ја

---

[28] Основен суд Струмица (2020). Пресуда К. бр. 366/19 од 6 февруари 2020 година.
[29] Halim, Indarti & Santoso, 2022.
[30] Jarić, Jelena (2023). The first degree murder in a cruel manner. Pravo - teorija i praksa, 40. 87-101. 10.5937/ptp2301087J.

утврдува подмолноста во апстракција, туку врз основа на фактички околности поткрепени со медицински докази.

Во делата каде што сторителот го искористува претходното познанство, доверба или привид на нормална интеракција, теоријата говори за „создавање безбедносна зона“ во која жртвата не претпоставува опасност и со тоа станува целосно ранлива на ненадеен напад. Во компаративните кривичноправни системи, ова се смета за една од најсилните форми на подмолност, бидејќи нападот се одвива во момент кога жртвата нема објективна причина да се брани.[31]

Во предметот од Основниот суд Струмица К. бр. 366/19 е клучна токму оваа теориска категорија: жртвата доброволно влегува во возилото и подоцна во работилницата на обвинетиот, потпирајќи се на долгогодишната доверба меѓу нивните семејства. Токму ова судот го нагласува како субјективен елемент на подмолност, нападот бил можен единствено затоа што обвинетиот ја злоупотребил човековата доверба, што жртвата ја ставило во позиција без никаква одбранбена подготвеност.

Форензичката литература доследно нагласува дека ударот или огнострелната повреда нанесена во тилната регија во момент кога жртвата е свртена со грб претставува класичен индикатор за подмолност, бидејќи аголот и позицијата ја исклучуваат можноста жртвата да го согледа ризикот или да реагира.[32] Особено важен е критериумот за тоа дека нападот се изведува без предупредување и во момент кога жртвата се наоѓа во „неутрална“ положба, свртена кон нешто друго, во седечка положба, наведната или зафатена со друга активност.[33]

Во предметниот случај, форензичките вештаци утврдиле дека огнострелниот проектил е испукан од непосредна близина, под агол карактеристичен за напад од зад грб, додека жртвата била во наведната положба и свртена кон работната маса. Овие податоци, заедно со отсуството на реактивни одбранбени повреди, судот ги зема како објективен доказ

[31] Konopka, T., Mądra, A. & Niemcunowicz-Janica, M. (2022). *Gunshot Wounds to the Head: Reconstruction and Circumstances of Death.* Forensic Sciences, 4, pp. 44–60.
[32] Bhoopatkar, H., Yoganarayan, I., Bharath, D. & Thazhathedath, A. (2023). *Reconstruction of Crime Scene in Gunshot Injuries.* Case Report.
[33] Simamora, A., Situmeang, R.R., Hutahaean, S., Ginting, A.L. & Siregar, L.H. (2025). *Forensic Analysis in Determining the Cause and Manner of Death.* International Journal of Law Studies, 2(2), pp. 18–30.

дека жртвата не можела да го претпостави нападот, што претставува суштински критериум за утврдување на подмолен начин.

Пресудата на Основниот суд Струмица (К. бр. 366/19)[34] претставува пример каде што судот ја утврдил подмолноста токму врз основа на обдукцискиот протокол и исказот на вештото лице, кој потврдил дека проектилот е испукан одзади и од близина, што укажува на напад од прикриена позиција без можност за одбрана на жртвата. Судот дополнително утврдил дека сторителот, постапувајќи со свесна намера, го искористил моментот на доверба и непредвидливост, што делото го квалификувало како убиство сторено на подмолен начин.

Апелациониот суд Штип (Кж. бр. 92/20)[35] ја потврдил оваа квалификација, истакнувајќи дека „објективната подмолност е утврдена преку вештачењето и обдукциските наоди, а субјективната преку внатрешната врска меѓу намерата на обвинетиот и неговото прикриено дејство“. Во согласност со тоа, Врховниот суд на РСМ (Квп2 бр. 83/2020)[36] одбил барање за вонредно преиспитување, нагласувајќи дека правилно е применет членот 123 став 2 точка 1 од КЗ, бидејќи дејството било реализирано во услови на искористување на довербата на жртвата.

Оваа правна рамка покажува дека подмолноста не може да се утврдува апстрактно или формално, туку исклучиво врз основа на конкретните околности. Таа не е автоматска последица од начинот на нанесување на повредата, туку бара интерпретација на фактичките околности во нивна целосна поврзаност. Оттука произлегува и потребата од судско-медицински докази – бидејќи подмолноста се проценува врз основа на факти што најчесто може да се реконструираат само преку обдукција, односно судско-медицински вештачења.

Конечно, правната квалификација на подмолниот начин мора да биде во согласност со стандардот на докажување „надвор од разумно сомневање“. Тоа значи дека судот не смее да ја базира подмолноста исклучиво врз медицинскиот наод, ниту врз претпоставки за

[34] Основен суд Струмица (2020). Пресуда К. бр. 366/19 од 6 февруари 2020 година.
[35] Апелационен суд Штип (2020). Пресуда Кж. бр. 92/20 од 29 април 2020 година, Штип, Република Северна Македонија.
[36] Врховен суд на Република Северна Македонија (2021). Пресуда Квп2 бр. 83/2020 од 13 јануари 2021 година, Скопје, Република Северна Македонија.

намерите на сторителот. Потребно е кумулативно утврдување на сите релевантни факти и нивно логичко вклопување во правната структура на делото.

## 4. Судско-медицинскиот наод и правната квалификација

Во предметот на Основниот суд Струмица (К. бр. 366/19), обдукцискиот протокол и исказот на вештото лице имаат централна улога во утврдувањето на подмолниот начин. Според наодите, жртвата била погодена со огнено оружје во тилниот дел на главата, при што проектилот навлегол одзади и завршил во очната празнина. Судот го ценел овој факт како објективен показател дека нападот бил извршен од прикриена позиција и дека оштетениот немал можност за одбрана. Дополнително, обдукцискиот протокол потврдил дека смртта настапила веднаш по повредата, што го исклучува можниот елемент на борба или отпор.[37]

Овие медицински наоди биле оценети во контекст на други докази – трагите од ДНК пронајдени на предметите, трагите од крв на металниот диск и компаративните хемиски вештачења – кои ја потврдиле оваа фактичка состојба. Првостепениот суд го истакнува начинот на извршување како „подмолен“, бидејќи сторителот дејствувал во момент кога жртвата не можела да претпостави напад, што во правна смисла ја исполнува објективната и субјективната страна на квалификаторот.

Апелациониот суд Штип (Кж. бр. 92/20), разгледувајќи ја жалбата, го потврдил заклучокот на првостепениот суд дека обдукцискиот наод не само што е веродостоен, туку и дека неговата содржина недвосмислено ги потврдува позицијата и насоката на пукањето. Апелациониот суд дополнително истакнал дека „медицинските параметри на раната ја исклучуваат секоја можност за фронтален напад“, а со тоа и можноста жртвата да се одбрани. Овој суд правилно го поставил обдукцискиот извештај во улогата на доказ што ја поткрепува правната квалификација, но не ја дефинира – притоа нагласувајќи дека токму судот, а не вештото лице, е тој што ја цени подмолноста во контекст на членот 123 став 2 точка 1 од Кривичниот законик.[38]

[37] Основен суд Струмица (2020). Пресуда К. бр. 366/19 од 6 февруари 2020 година, Струмица, Република Северна Македонија.
[38] Апелационен суд Штип (2020). Пресуда Кж. бр. 92/20 од 29 април 2020 година, Штип, Република Северна Македонија.

Во својата конечна одлука, Врховниот суд на Република Северна Македонија (Квп2 бр. 83/2020) го прифатил правното толкување на пониските судови, прифаќајќи дека обдукцискиот наод бил правилно вреднуван како дел од целината на доказите. Врховниот суд нагласува дека „вештачењето има поддржувачка, а не одлучувачка функција“ и дека правниот заклучок за постоење подмолен начин произлегува од целокупниот доказен мозаик, кој ги опфаќа медицинските, материјалните докази и исказите на сведоците. Со оваа аргументација, Врховниот суд воспоставува јасен критериум: медицинскиот доказ има правно значење само доколку придонесува за објаснување на однесувањето на сторителот и динамиката на настанот, а не како изолирана експертиза (Врховен суд РСМ, 2021).

Судско-медицинското вештачење претставува клучен инструмент во објективното утврдување на моментот на нападот, динамиката на извршувањето и можноста на жртвата да пружи одбрана.[39] Во случаите на убиство сторено на подмолен начин, овие докази не служат само за констатација на причината на смртта, туку и за реконструкција на позицијата на телото, аголот и насоката на дејствување, растојанието на огнениот проектил и целокупниот физички капацитет на жртвата да реагира во моментот на нападот. Во предметниот случај, обдукцијата утврдува единствена огнострелна повреда во тилната регија, со влезна рана во задниот дел на главата и карактеристични обележја на блискиот домет, што упатува на дејствување од непосредна близина. Ваквото лоцирање на повредата е типично за напад од зад грб, што ја исклучува можноста жртвата да го согледа почетокот на дејството и ја става во позиција на целосна беспомошност.[40] Присуството на согорени честички околу раната, како и другите балистички параметри се во целосна согласност со ненадејно испукување со оружје од кратко растојание.

Форензичките показатели дополнително утврдуваат дека жртвата во моментот на нападот била наведната над работна маса, зафатена со проверка на метални дискови, што значи дека не само што не можела да го види сторителот, туку и физички не била во можност да изведе каква било одбранбена реакција. Отсуството на одбранбени повреди, јасно нотирано во обдукцискиот извештај, претставува уште еден објективен индикатор дека нападот бил ненадеен и дека жртвата не можела ниту да предвиди, ниту да спречи каква

[39] Калајџиев, Г. и другите (2018). Коментар на Законот за кривичната постапка, ОБСЕ, Скопје, стр. 556.
[40] Konopka et al., 2022.

било опасност.[41] Во судско-медицинската практика, овие објективни показатели се меѓу најсилните аргументи за постоење подмолен начин на дејствување, затоа што положбата на телото непосредно кореспондира со одбранбениот капацитет на жртвата.

Комбинираниот увид во траекторијата на проектилот, висинските параметри на раната и положбата на телото овозможува прецизна реконструкција на динамиката на настанот. Анализата укажува дека проектилот е испукан додека жртвата се наоѓала во стабилна наведната положба, а сторителот бил позициониран зад неа или во непосредна близина, под агол конзистентен со напад од позиција на прикриеност. Оваа реконструкција, во согласност со форензичката литература,[42] е препознатлива за убиствата извршени на подмолен начин како дејства во кои жртвата ниту има можност, ниту има причина да очекува напад.

Дополнително, постделиктните активности на сторителот – пакување на телото во буре, преместување, фрлање во вода и покривање со метални дискови – имаат значајно форензичко значење. Овие дејства не само што го отежнуваат утврдувањето на причината на смртта во почетната фаза на истрагата, туку претставуваат и индиректен показател за свесноста, пресметаноста и желбата на сторителот да ја измени криминалната сцена. Во форензичката теорија, таквото постделиктно прикривање се смета за индиректен, но релевантен доказ за висока степенувана умисла и кохерентен криминален план, што дополнително го поддржува заклучокот за подмолен карактер на нападот.[43]

Во предметот од Струмица, ваквата интеграција на медицинските докази со другите доказни извори е реализирана на примерен начин. Судот не се ограничил на обдукцискиот наод како изолиран доказ, туку го поврзал со исказите на сведоците, телефонските комуникации и видеоснимките, создавајќи логички заокружена реконструкција на настанот. Така, медицинскиот доказ не се третира како самодоволен, туку како дел од поширок доказен систем, во кој секој наод се проверува преку својата корелација со другите извори на сознание. Овој пристап е во согласност со начелото на слободна оцена на доказите од членот 353 од Законот за кривичната постапка, кое не само што му дава дискреционо право

---

[41] Simamora et al., 2025.
[42] Halim, Indarti & Santoso, 2022.
[43] Bhoopatkar, H., Yoganarayan, I., Bharath, D. & Thazhathedath, A. (2023) *Reconstruction of Crime Scene in Gunshot Injuries.* Case Report.

на судот, туку му дава и обврска критички да ги оцени тежината и меѓусебната поврзаност на доказите.[44]

Конечно, овој предмет покажува дека обдукцискиот протокол, кога е јасно вграден во контекст на правно аргументираната целина, претставува клучен доказен инструмент за утврдување на подмолниот начин на убиство. Неговата доказна вредност не произлегува исклучиво од медицинската прецизност, туку од способноста на судот да ги интерпретира медицинските факти во согласност со стандардот на докажување и со принципите на правната логика. Токму оваа функционална симбиоза меѓу медицината и правото претставува суштински белег на интердисциплинарниот пристап во анализата на подмолниот начин на извршување убиство.

## 5. Еволуцијата на правната аргументација низ трите судски инстанци

Анализата на трите судски одлуки – Основен суд Струмица, Апелационен суд Штип и Врховниот суд на Република Северна Македонија – покажува јасна еволуција на правната аргументација во поглед на квалификаторот „подмолен начин“ и неговата примена во контекст на членот 123 став 2 точка 1 од Кривичниот законик. Секоја инстанца ги гради своите заклучоци врз утврдените фактички околности, но со различен степен на аналитичка длабочина и интерпретација на доказниот материјал, особено во делот на медицинските вештачења, психичката состојба на обвинетиот и меѓусебната поврзаност на доказите.

Во првостепената постапка (К. бр. 366/19), Основниот суд Струмица се концентрира на материјалните факти: позицијата на жртвата, насоката на траекторијата, карактеристиките на огнострелната повреда и доказите добиени преку вештачење траги и ДНК. Судот утврдува дека обвинетиот испукал еден проектил во тилната регија на жртвата додека таа била наведната над работната маса, што ја исклучувало можноста за одбрана или предвидување на нападот. Подмолноста ја утврдува како комбинација од објективни околности (позиција, агол, растојание на огнениот проектил) и субјективна одлука на сторителот да дејствува во момент на доверба и неподготвеност.[45] Првостепениот суд

[44] Закон за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 150/10, 100/12, 142/16 и 198/18).
[45] Бачић, Ф. и Павловић, Ш. (2004). *Коментар казненог закона*, Загреб, стр. 441.

правилно ги диференцира фактичките од правните наоди и заклучува дека избраниот начин на дејствување не е случаен, туку пресметан и прикриен, па оттаму е подмолен.

Апелациониот суд Штип (Кж. бр. 92/20), одлучувајќи по жалба, целосно ја потврдува првостепената пресуда. Оценува дека вештачењата, обдукцијата и фотодокументацијата се спроведени согласно процесните правила и не оставаат дилеми во однос на причината и начинот на настапување на смртта. Судот нагласува дека подмолноста не бара долготрајна подготовка или претходна омраза, туку дека самата форма на дејствување – ненадеен напад од зад грб и искористување на довербата – е доволна за нејзиното постоење. Притоа, Апелациониот суд го зацврстува теоретскиот дел на аргументацијата: прави јасна разлика помеѓу „случајна неочекуваност“ и „свесна прикриеност“, при што само второто претставува подмолен начин. Истовремено, Судот ја проверува методолошката исправност на постапувањето од првостепениот суд, нагласувајќи дека оценувањето на доказите е спроведено поединечно и во нивна меѓусебна поврзаност, во согласност со членот 16 став 1 од Законот за кривичната постапка.

Врховниот суд на Република Северна Македонија (Квп2 бр. 83/2020), постапувајќи по барање за вонредно преиспитување, ја потврдува законитоста на одлуките од првите две инстанци и ја финализира правната аргументација. Судот истакнува дека сите релевантни факти се утврдени врз основа на повеќе независни и меѓусебно конзистентни докази, без логичка противречност во нивната оцена. Особено значајно е тоа што Врховниот суд ја поставува доктринарната граница помеѓу форензичкото вештачење и правната квалификација, појаснувајќи дека вештачењето има информативна функција и не ја определува правната суштина на подмолноста. Обдукцискиот извештај може да укаже на механизам на повредата, но само судот, преку целокупна оцена на доказите согласно членот 399 од ЗКП[46] може да го изведе правниот заклучок за постоење подмолен начин. Врховниот суд дополнително утврдува дека во конкретниот случај не постои повреда на стандардот *in dubio pro reo*, бидејќи сите клучни околности се докажани „надвор од разумно сомневање“.

Следејќи ги овие три нивоа на одлучување, станува јасно дека правната аргументација постепено се развива од фактичка реконструкција (Основен суд), преку

[46] Закон за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 150/10, 100/12, 142/16 и 198/18). Калајџиев, Г. и другите (2018). Коментар на Законот за кривичната постапка, ОБСЕ, Скопје, стр. 818–820.

анализа на умислата и прикриеноста (Апелација), до јасна доктринарна формулација на природата на подмолниот начин (Врховен суд). Овој процес ја демонстрира интердисциплинарната природа на квалификаторот: тој се поткрепува со медицински, технички и логички докази, но неговиот конечен карактер е правен и го утврдува судот. Одлуката на Врховниот суд со тоа создава стабилен јуриспруденцијален стандард за идентификација на подмолноста во идентични или слични кривичноправни ситуации.

### 5.1. Интердисциплинарна синтеза: од медицински факт до правна квалификација

Квалификацијата на подмолниот начин како посебен облик на тешко убиство претставува типичен пример на интердисциплинарен процес во кој правната анализа и судско-медицинските наоди се во постојана функционална интеракција. Иако медицинските вештачења даваат прецизни и технички релевантни податоци за механизмот на повредата, тие не може сами по себе да ја дефинираат подмолноста. Напротив, правната квалификација произлегува од интердисциплинарната синтеза на медицинските факти, околностите на настанот и психичката состојба на сторителот, кои заедно го оформуваат вредносниот заклучок на судот.

Во оваа смисла, интердисциплинарноста не претставува механичко собирање разни типови докази, туку нивно усогласено толкување. Форензичките параметри – насока на траекторијата, растојание на огнениот проектил, положба на телото и отсуство на одбранбени повреди – ја разјаснуваат физичката структура на нападот и ја потврдуваат објективната неспособност на жртвата да реагира. Овие факти, сами по себе, не го утврдуваат степенот на вина или намерата на сторителот, но создаваат неопходна фактичка подлога врз која судот може да го утврди субјективниот елемент на подмолноста.

Правната анализа, пак, ја надминува емпириската рамка на медицината и се фокусира на значењето на фактичките околности во контекст на кривичното право. Таа ја испитува причината во однос на тоа зошто сторителот ја избрал токму таа позиција, моментот или начинот на дејствување, но и дали тој избор бил свесен и насочен кон исклучување на одбранбениот потенцијал на жртвата. Во тој процес, судот ја применува правната логика, начелото за слободна оцена на доказите од членот 399 од ЗКП и принципот дека секое сомневање мора да се отстрани „надвор од разумно сомневање“. Така, подмолноста станува

правен конструкт што се заснова врз материјална вистина, но се дефинира преку правно-логички критериуми.[47]

Интердисциплинарниот пристап има уште една важна димензија: тој спречува неправилно поставување на тежиштето на доказите. Медицинските наоди не смее да ја заменат судската процена на умислата, ниту, пак, правната анализа може да ги игнорира форензичките резултати. Синтезата се остварува тогаш кога судот го користи медицинскиот факт како основа за интерпретација, но правната квалификација ја темели врз целокупната доказна слика – сведочења, комуникации, однесување на сторителот пред и по делото, мотиви и логички врски меѓу околностите.

Во анализираниот предмет, трите судски инстанци покажуваат токму ваков пример на функционална синтеза. Основниот суд ја реконструира физичката динамика на настанот; Апелациониот суд ги анализира психолошката компонента и внатрешната кохерентност на умислата; Врховниот суд го поставува доктринарниот стандард за границата помеѓу медицинската и правната оцена. Таа надградба овозможува подмолниот начин да биде утврден не како автоматски резултат на локацијата на раната, туку како правен заклучок врз основа на интегриран и кумулативен увид во доказите.

Со ова, интердисциплинарната синтеза станува суштински дел од процесот на правното квалификување убиство на подмолен начин. Таа обезбедува дека правната квалификација не е механичка или еднодимензионална, туку резултат на комплексна, научно-информирана и правно-рационална анализа. Овој пристап создава високо ниво на правна сигурност, избегнува ризик од погрешно квалификување и поставува стандарди што се применливи и за идни случаи со слични форензички и правни предизвици.

## Заклучок

Анализата на подмолниот начин на извршување убиство во контекст на судско-медицинските наоди и правната квалификација покажува дека овој квалификатор претставува комплексна категорија што бара интердисциплинарен пристап. Судско-

---

[47] Ćirić, J. (2000). Ubistvo na svirep ili podmukao način (The Murder in a Cruel or Insidious Manner). *Pravni život*, *49*(9), 59–80.

медицинските докази, како што се локацијата на огнострелната повреда, траекторијата на проектилот, позицијата на телото и отсуството на одбранбени траги, овозможуваат реконструкција на материјалната страна на настанот и ја потврдуваат објективната неспособност на жртвата да се брани. Од друга страна, правната анализа овозможува оцена на субјективниот однос на сторителот кон овој начин на дејствување преку испитување на психолошката страна, намерноста и искористувањето на довербата и моментот на изненадување. Овие две перспективи не функционираат независно, туку во заемна корелација, обезбедувајќи целосна и точна основа за правното квалификување.

Судската практика во предметите К. бр. 366/19, Кж. бр. 92/20 и Квп2 бр. 83/2020 покажува конзистентност и длабочина во примената на овој интердисциплинарен модел. Основниот суд ја реконструира динамиката на настанот преку форензичките докази; Апелациониот суд го доразвива субјективниот аспект преку анализа на умислата и прикриеноста; Врховниот суд го поставува доктринарниот стандард за тоа дека подмолноста, иако произлегува од фактички околности, е правен заклучок што судот го извлекува преку системско вреднување на доказите. Овие три нивоа на судска контрола создаваат стабилна јуриспруденција што го јакне правниот стандард за утврдување на подмолниот начин.

Врз основа на анализата може да се заклучи дека подмолноста не е автоматска последица на одредена телесна позиција или тип на рана, туку таа претставува квалификуван правен поим што бара кумулативно исполнување повеќе елементи – објективни, субјективни и контекстуални. Во тој процес, медицината игра улога на научна поддршка, но конечната одлука е правна. Значајниот придонес на овој труд е тоа што прецизно ја истакнува границата помеѓу експертскиот медицински факт и правната квалификација врз основа на материјалната вистина, со што се избегнува опасноста од пренагласување на медицинскиот доказ или од занемарување на неговата суштинска значајност.

Научниот придонес на трудот се огледува во тоа што систематски ја развива потребата од интердисциплинарна методологија за толкување на подмолниот начин, покажувајќи дека ниту една дисциплина сама по себе не може да обезбеди доволна аналитичка основа. Со интегрирана анализа на правните норми, судската практика и судско-

медицинските извештаи, трудот формулира модел што може да служи како практична рамка за идни случаи со слични форензички и правни карактеристики. Дополнително, се истакнува потребата од јасни критериуми за оценување на намерата и свесноста на сторителот, како и од доследно применување на доказниот стандард „надвор од разумно сомневање“.

Конечно, трудот истакнува дека подмолниот начин не е само квалификаторна околност, туку и правен концепт што ја рефлектира длабоката општествена опасност од напад што се изведува прикриено, од позиција на доверба или во момент на беспомошност на жртвата. Затоа, доследното утврдување на подмолноста не е само прашање на правна техника, туку и на заштита на човечкиот живот, уважување на достоинството на жртвата и обезбедување правна сигурност. Интердисциплинарниот пристап, следствено, не значи мешање на правото и медицината, туку нивна координација во функција на вистината и правичноста. Обдукциskiот протокол, медицинските вештачења и техничките анализи се научни инструменти, а нивната вредност се трансформира во правна само кога се интегрирани во систем на докази што ги објаснуваат и ги потврдуваат умислата и начинот на извршување. Со тоа, правната наука добива емпириска поддршка, а судската медицина – нормативен контекст. Овој модел ја потврдува современата тенденција во македонската и регионалната доктрина: дека вистинската правна сигурност се постигнува само кога судот, користејќи ја својата дискреција, ги толкува научните докази низ призмата на законските норми и човековите права. На тој начин се создава не само правилна правна квалификација, туку и доверба во судската одлука како производ на рационална и научно заснована аргументација.

**Користена литература**

Bhoopatkar, H., Yoganarayan, I., Bharath, D. & Thazhathedath, A. (2023) Reconstruction of Crime Scene in Gunshot Injuries. Case Report.

Black, J. (2000). Murder: the state of the art. American Literary History, 12(4), 780-793.

Canter, D.; Alison, L. Profiling in Policy and Practice, 1st ed.; Routledge: Oxfordshire, UK, 1999; ISBN 978-1-315-24594-2.

Ćirić, J. (2000). Ubistvo na svirep ili podmukao način (The Murder in a Cruel or Insidious Manner). *Pravni život*, *49*(9), 59-80.

Ćorović, E. (2022) 'Teško ubistvo na svirep način/Aggravated murder in a cruel manner', *CRIMEN – časopis za krivične nauke*, XIII(1), pp. 28-47. Available at: https://www.ceeol.com/search/article-detail?id=1048543 (Accessed: 1 December 2025).

Halim, P., Indarti, R. & Santoso, B. (2022) The Role of Forensic Science in Criminal Acts of Murder Cases in Indonesia. Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences, 10(A), pp. 951–958.

Jarić, J. (2023). The first degree murder in a cruel manner. Pravo - teorija i praksa. 40. 87-101. 10.5937/ptp2301087J.

Konopka, T., Mądra, A. & Niemcunowicz-Janica, M. (2022). Gunshot Wounds to the Head: Reconstruction and Circumstances of Death. Forensic Sciences, 4, pp. 44–60.

Minor, W. William. 1981. "Techniques of Neutralization: A Reconceptualization and Empirical Examination." Journal of Research in Crime and Delinquency 18 (2):295–318. doi: 10.1177/002242788101800206.

Muel Kaptein & Martien van Helvoort (2019) A Model of Neutralization Techniques, Deviant Behavior, 40:10, 1260-1285, DOI: 10.1080/01639625.2018.1491696.

Mutzabaugh, H. S. I. R. T. The New Definition Of Murder In The First Degree. Dickinson Law Review, 29(3).

Sablone, S., Bellino, M., Cardinale, A. N., Violante, M. G., Risola, R., Magno, A., Pierro, V., & Grattagliano, I. (2024). Psychological Autopsy: A Powerful Tool in Forensic Investigations. Forensic Sciences, 4(4), 635-646, https://doi.org/10.3390/forensicsci4040044.

Simamora, A., Situmeang, R.R., Hutahaean, S., Ginting, A.L. & Siregar, L.H. (2025). Forensic Analysis in Determining the Cause and Manner of Death. International Journal of Law Studies, 2(2), pp. 18–30.

Апелационен суд Штип (2020). Пресуда Кж. бр. 92/20 од 29 април 2020 година, Штип, Република Северна Македонија.

Атанасковић, Д. (1981) *Кривично право (посебни део)*. Београд: стр. 136.

Бачић, Ф. и Павловић, Ш. (2004) *Коментар казненог закона*. Загреб, стр. 441.

Врховен суд на Република Северна Македонија (2021). Пресуда Квп2 бр. 83/2020 од 13 јануари 2021 година, Скопје, Република Северна Македонија.

Закон за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 150/10, 100/12, 142/16 и 198/18).

Златарић, В. (1958) *Кривични законик у практичној примјени*, 2 свезак. Загреб, стр. 74.

Калајџиев, Г. и другите (2018). Коментар на Законот за кривичната постапка, ОБСЕ, Скопје.

Камбовски, В. и Тупанчески, Н. (2011). Казнено право – посебен дел, Скопје.

Камбовски, В. (2006). Казнено право – општ дел, 2 Август Штип, Скопје.

Каневчев, М. (n.d.) *Квалифицирани (тешки) убиства*. МРКПК. Достапно на: http://www.maclc.mk/Upload/Documents/Metodija%20Kanevcev.pdf.

Кривичен законик на РСМ („Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 41/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17 и 248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 36/23 и 188/23).

Марјановиќ, Ѓ. и Каневчев, М. (2010). Кривично право – општ дел, Просветно дело, Скопје.

Основен суд Струмица (2020). Пресуда К. бр. 366/19 од 6 февруари 2020 година, Струмица, Република Северна Македонија.

**Prof. Dr. Olga Koševaliska**[48]
**Mr. Gjorgji Mančev**[49]

# FROM FORENSIC FACT TO LEGAL QUALIFICATION: THE INSIDIOUS MURDER IN JUDICIAL PRACTICE

**Abstract**

This paper offers an interdisciplinary examination of the criminal law concept of murder committed in an "insidious manner," through a combined analysis of forensic autopsy findings and their influence on legal qualification. Using a case study of three judicial instances in North Macedonia - Basic Court Strumica, Appeal Court Shtip, and the Supreme Court, the research explores how courts evaluate forensic-medical evidence when determining the existence of insidiousness. Particular attention is given to the interaction between objective indicators (such as the victim's position, the nature and trajectory of the injuries, and the event reconstruction) and subjective elements of intent. The findings show that autopsy protocols and expert testimonies play a decisive role in clarifying the mechanism of injury and the circumstances of the attack, thereby influencing the qualification of the offence. The study concludes that a coherent integration of legal reasoning and forensic-medical expertise is essential for consistent interpretation of "insidious manner," ensuring accuracy in judicial decision-making and adherence to the standard of proof beyond a reasonable doubt.

**Keywords:** *insidious manner, murder, autopsy, forensic evidence, legal qualification, interdisciplinary analysis*.

[48] Prof. Dr. Olga Koševaliska, Department of Criminal Law, Faculty of Law, Goce Delčev University – Štip. E-mail: olga.kosevaliska@ugd.edu.mk.
[49] Doctoral candidate, Faculty of Law, Goce Delčev University – Štip, Republic of North Macedonia. E-mail: gjorgjimanchev@gmail.com; gorgi.3078@student.ugd.edu.mk